Влада на Република Северна Македонија

Н А Ц Р Т

З А П И С Н И К
од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 20 февруари 2025 година

Скопје, февруари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 20 февруари 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео - конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:10 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваше и Снежана Наџаковска, претставник од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Гоце Димовски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со Анекс договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Костал аутомобил електрик ГмбХ & Ко.КГ со бр.13-1774/1 од 30.12.2019 година и Анекс договор бр. 1 со бр.13-1608/1 од 14.12.2022 година, со текст на Анекс договор бр.2 и Предлог – одлука

2. Информација во врска со Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство и трговија Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Леополд Костал ГмбХ & Цо. (Leopold Kostal GmbH & Co. KG) со бр. 13-918/1 од 11.6.2018 година, со текст на Анекс договор бр.1 и Предлог – одлука

3. Прашања и предлози

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Костал аутомобил електрик ГмбХ & Ко.КГ со бр.13-1774/1 од 30.12.2019 година и Анекс договор бр. 1 со бр.13-1608/1 од 14.12.2022 година, со текст на Анекс договор бр.2 и Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс Договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Костал аутомобил електрик ГмбХ & Ко.КГ бр.13-1774/1 од 30.12.2019 година и бр.13-1608/1 од 14.12.2022 година.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство и трговија Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Леополд Костал ГмбХ & Цо. (Leopold Kostal GmbH & Co. KG) со бр. 13-918/1 од 11.6.2018 година, со текст на Анекс договор бр.1 и Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс Договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство и трговија Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Леополд Костал ГмбХ & Цо. (Leopold Kostal GmbH & Co. KG) со бр.13-918/1 од 11.6.2018 година.

## Точка 3

По однос на оваа точка од Дневниот ред немаше прашања ниту предлози

*

*            *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17.15 часот.

| Генерален секретар на Владата<br>на Република Северна Македонија | Заменик на претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **Игор Јанушев** | **Љупчо Димовски** |

Подготвил:м-р Марија Арсова – Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор